Врз основа на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година (“Сл. Гласник на Град Скопје” бр. 05/18), Градот Скопје објавува

**Јавен повик**
**за прибирање на барања за користење на средства од Буџетот на Град Скопје за 2019 година, наменети за реализација и финансирање на Програма за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година**

Распределбата на средствата од Буџетот на Град Скопје за 2019 година Потпрограма Г1, наменети за финансирање на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година ќе се врши согласно Акцискиот план за имплементација на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година и критериумите и приоритетите дадени во овој повик.

## I. Видот на проектите кои ќе бидат поддржани

Во рамките на овој Јавен повик финансиски ќе бидат поддржани:

а) Проектите и активностите од Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година, и тоа од следниве приоритетни области:

- Пружање информации и советување преку здруженијата за заштита на потрошувачите согласно Законот за заштита на потрошувачите;
- Анализа на проблемите на граѓаните согледани низ спроведените советувања и давање предлози до Советот за заштита на потрошувачитена Град Скопје за утврдување приоритети на делување;
- Соработка на Советот за заштита на потрошувачите Град Скопје со Советот за заштита на потрошувачите на Владата на Република Македонија и реализирање на заеднички активности за унапредување на заштитата на потрошувачите;
- Подготовка, печатење и промоција на информативни материјали за правата на потрошувачите врз основа на утврдени приоритети за информирање согледани преку советувањето на потрошувачите;
- Спроведување на кампања за јакнење и подигање на свеста на потрошувачите во поедини домени на заштитата на нивните права, согласно утврдените приоритети со Советот за заштита на потрошувачите на Град Скопје;
- Иницијативи насочени кон бизнис заедницата на територија на Град Скопје за фер однос кон потрошувачите и промовирање практики и алатки за спогодбено решавање на меѓусебните спорови;
- Соработка со стопанските комори во Република Македонија, организирање на работилници и планирање на заеднички активности;

- Организирање работилници со јавните претпријатија на територија на Град Скопје со цел подобар однос кон потрошувачите;
- Иницирање подобра опфатеност на заштитата на потрошувачите во наставата во средното образование преку директно контакти со наставниот кадар и учениците;
- Спроведување на други активности во координација со потрошувачката политика на Владата на Република Македонија кои ќе се јават како приоритет согласно барањата на ЕУ врз основа Поглавјето 28 – Заштита на потрошувачи и јавно здравје

**2. Временска рамка и вкупно предвидени/достапни средства**

Средствата се однесуваат за 2019 година.
Користењето на доделените средства ќе биде специфицирано во договорот помеѓу реализаторот на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година и Град Скопје.

**3. Основни организациски критериуми**

Основни организациски критериуми кои треба да ги исполнуваат субјектите кои учествуваат на овој повик се:

- Субјектите да се регистрирани во Централен регистар на Р.Македонија;
- Субјектите да не добиле средства или поднеле пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.
- Субјектите да имаат искуство во областа на заштита на потрошувачите

**4. Критериуми кои треба да ги исполнуваат субјектите**

Проценката на пријавите на субјектите кои ги исполнуваат основните организациски критериуми, ќе се врши врз основа на следниве критериуми:

| Критериуми | Максимум бодови |
|---|---|
| **1. Организациска структура и ресурси** | **40** |
| 1.1 Организациска структура и човечки ресурси за реализирање на програмата (вработени, активни волонтери, хонорарно ангажирани лица, избалансирана застапеност на жените и мажите во организацијата) | 10 |
| 1.2 Стручни лица кои учествуваат во реализирање на програмата | 10 |
| 1.3 Соодветен канцелариски простор и техничка опрема за реализирање на програмата | 10 |
| 1.4 Годишен буџет на субјектот за последната календарска година кој го надминува висината на грантот | 10 |
| **2. Кофинансирање на проектот** | **10** |
| 2.1 Субјектот да обезбедува процент на сопствено учество во реализирање на програмата | 10 |
| **3. Квалитет на проектот** | **50** |
| 3.1 Колку општата цел на Програмата ќе придонесе кон | 10 |

| | |
|---|---|
| реализација на дадените приоритети, колку е јасна и соодветно определена | |
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија во предлог програмата | 10 |
| 3.3 Обезбедена вклученост на други субјекти и организации | 10 |
| 3.4 Планот за реализација на Програмата да е јасен и остварлив | 10 |
| 3.5 Предложениот финансиски план да е реален (описот на трошоци по категории позиции соодветствува со пазарните цени) | 10 |

Секоја област од посебните програмски критериуми ќе се вреднува со 1 бод, 5 бода или 10 бодови, со следното значење: 1-не, 5-делумно и 10-да.

## 5. Потребна документација која субјектите треба да ги достават кон Пријавата за реализација и финансирање на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година

Покрај Пријавата за реализација и финансирање на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година која треба да биде пополнета (со печатни букви во кирилско писмо), потпишана од застапникот на субјектот и заверена со печат на субјектот, субјектот задолжително треба да ги достави следниве прилози:

- Статут на субјектот;
- Фотокопија од решението за регистрација на субјектот;
- Извештај за добиените средства од Буџетот на Град Скопје во изминатата фискална година и начинот на нивната реализација (доколку субјектот бил корисник на средства доделени од Буџетот на Град Скопје за 2018 година);
- Годишен извештај на субјектот за реализирани програми и активности од областа на заштита на потрошувачите за 2018 година;
- Изјава од субјектот дека субјектот не добил средства или поднел пријава од/до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и активности за кои поднесуваат пријава, а што би значело двојно финансирање на истите активности од различни извори.

## 6. Придружна документација

Субјектот во прилог треба да ја достават и следнава придружна документација:

- професионална биографија на стручните лица кои ќе бидат ангажирани во реализација на Програмата,
- референтна листа или доказ (на пример: потпишан договор) за најмалку 2 проекти реализирани во областа на заштита на потрошувачите,
- најмалку две мислења/референци од партнери или донатори за реализација на претходни проекти, и
- писмена поддршка од други организации или субјекти за кои е планирано да земат учество во реализацијата на Програмата
- План за реализација на Програмата

*Институциите можат да поднесат само една пријава за финансиска поддршка на Програмата.*

***Напомена: Пријавите со непотполна документација или по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат! Доставените прилози не се враќаат.***

**6. Рок и начин на доставување на пријавите**

Рок за поднесување на пријавите е 10 (десет) работни дена од денот на објавувањето во дневните весници.

**7. Период на реализација на Програмата**

февруари -декември 2019 година

Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта, во затворен коверт на адреса: **Град Скопје, Сектор за локален економски развој , Бул. "Илинден" бр.82 , 1000 Скопје** преку архивата на Град Скопје до 15 часот (со назнака - Сектор за локален економски развој– Пријава за јавен повик).

Субјектите учеснички на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите во рок од 10 дена од денот на донесување на Одлуката за распределба на средства од Буџетот на Град Скопје за 2019 година, наменети за финансирање на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година.

Пријавата за реализација и финансирање на Програмата за заштита на потрошувачите на Град Скопје за период 2018-2019 година е достапна во просториите на Град Скопје, Сектор за локален економски развој и на интернет страната на Град Скопје www.skopje.gov.mk.

Контакт: Билјана Стојмановска, тел: (02) 3 297 284, е-маил адреса: biljana.stojmanovska@skopje.gov.mk.

ГРАД СКОПЈЕ